# Четиричасовна илузија за подобар живот

Само што дојде животот слушам некои бараат влез во Европска Унија. А нам тоа ич не ни одговара. Таман живот дојде, никој ништо не работи, им текнало Европска Унија. Таму има закони, правила, немој ова, тоа е штетно, ајвар немој да правите, ракија немојте да печете. А каде ние без ракија. Национално обележје ни е ракијата. Имаме 300 врсти. Еве град Скопје сите пари од новогодишната прослава ги пренасочи во правење ракија - шилеговача, многу јака. Прст пред око не се гледа од неа. Пијам како „смог“. И кога го воведоа бесплатниот превоз од ЈСП отидовме до Водно и дур се вратиме они го укинале бесплатниот превоз. Али подобра е шилеговача него коцевача. Таа те тера на крадење, уствари на градење. Есесдовача, многу добро пакување имаше, одлично изрекламирана, ама откако ја пробавме, тенка, не ја бива. Не е тоа што беше најавено, а пакувањето стварно топ беше. Ни за со салата не е. Некако нема режим на пиење. Али наполнивме подруми, ќе ја пиеме уште малку и после ај. А грујовача, 12-годишна. За заседнување. Се лепи, после од фотеља не можеш да станеш. Скендербеговача пиеш и никаков закон не почитуваш. А тврдокорната пак многу на насилство тера...

Ова е само дел од стендапот на Валентин Костадиновски-Тино на „Златна бубамара на популарноста“, што се одржа завчеравечер во спортскиот центар „Борис Трајковски“, по мотото „За подобар живот“. Хуморот фокусиран на политичките случувања, музиката негувана со децении и достигнувањата во спортот, ја обединија публиката во салата. Хуморот умешно критикуваше. Сепак и овој пат беше зачин на целата манифестација, а главната состојка беа златните награди.
Полната сала, гладната публика за хумор, опуштената атмосфера, позитивните вибрации што циркулираа низ целата сала по 21. пат покажаа и докажаа дека на Македонија ѝ требаат забавни манифестации.
- Ни ги затворија Универзална и Метрополис, ни остана уште Борис. Идејата беше „Бубамара“ да понуди мала илузија за подобар живот од 4 часа. Околу 350 гости се дел од нашата манифастација. Дојдоа многу гости од страна специјално за „Бубамара“, од Австралија, Еквадор, Босна, Хрватска, ни никој не побара патни трошоци. Се надевам ќе создадеме заедно еден убав архив што нема да се поплави при првата поплава во нашиот архив - се обрати организаторот Ранко Петровиќ.

И овој пат главен домаќин беше Сашко Коцев, кој во својот познат стил ја расположи публиката.
- Велат луѓето во Македонија се иселиле. До пред некоја година нѐ собираше Универзална, сега Борис нѐ не собира. Но, тоа дека дојде живот во Македонија - рече Сашко.
Во неговиот 25-минутен стендап суптилно ги искритикува и Владата и опозицијата, галиите,

поплавата во архивот, преговорите за името, црвениот тепих на Трипун, инагурацијата на Талат Џафери... На сатиричен начин го раскажа „крвавиот четврток“
- За време на инагурацијата ја бев во странство. На телевизија гледам едните викаат дај далечинско, друг дај фотеља, и овој му ја фрли фотељата и му ја расцепи галавата. Ама не бев тука, јас бев странство. Сега не можеме да го продадеме „мерцедесот“. А ако го продадеме влегуваме во ЕУ, НАТО, тој ни е малер. Не знам зошто не направат оглас, од 450 советници зарем нема некој да направи оглас. А ова, пак, со поплавата во архивот излезе ние што направивме, вие не можете ни да реновирате. Треба да се направи систем капка по капка, да се искористи водата во земјоделието. А додека овде капе, во лозјата е ставен црвен тепих. Изместена е работата. Кој го украде тепихчето од Архив на Република Македонија. И мислам галиите треба да ги пуштите да отпловат накај Грција, заедно со автомобилот на Весна Петрушевска - рече Коцев.
Исто така еден дел од својот стендап посвети и на преговорите за името, велејќи дека името ни е како тема за магистерска.
- Многу ни е објаснително. Ја мислам дека името треба да ни биде вака. „Република бивша што пред 2.300 години Александар тргнал да ја освои, ама не успеал, потоа Ријманите ја освоиле, потоа дошле Византијците владееле, па Словените. Па цар Самоил и Бугарите се измешале, па не се знаело кој е кој. Во 1945 дошле комунистите. Во 1991 година ја крадеше кој ќе стигне. Па во 2001 направија една фиктивна војна. Потоа дојдоа едни дипломати рекоа ние ќе крадеме, па 2017-та други рекоа ние ќе ја крадеме Република Македонија“ - зборуваше Коцев.
Многу актери, пејачи, уметници, глумци, спортисти, ТВ-лица, продефилираа на сцената на „Златна бубамара“. Некои нови, а повеќето веќе традиционални ликови од оваа манифестација. Кили, Игор Џамбазов, Гуру Харе, Влатко Стефановски, Дадо Топиќ, „Дубиоза колектив“, „Нови фосили“, Маја Панчевска, Александар Митевски, „Златните славејчиња“, Наум Петревски, Виолета Томовска и многу други.
Наградата за најдобар албум ја зеде Дани Димитровска за „Град за љубов“. „Дубиоза колектив“ беше награден за албум на годината. Светската галерија „Остен“ освои награда за патот до успехот за јубилејот 50 години правење карикатури. Вокалниот ансамбл „Октет Македонија“ ја доби наградата за животно дело за 42-те години музичка дејност. НЛБ Тутунска банка освои „бубамара“ за најпопуларен комерцијален ТВ-спот. Тијана Дапчевиќ е мултимедијална уметница на годината. Маја Оџаклиевска освои признание за музички вредности. „Бубамара“ доби и Дадо Топиќ. Најдобар филм е „Исцелител“. Актерско откритие Благој Веселинов. Александар Микиќ и Нина Деан беа наградени за најдобар актер и актерка. Слаткар доби две „бубамари“ за интернационален успех и за видеоспот.
Најдобра серија е „Фамилијата Марковски“, најпопуларна „Инсајдер“. „Стоби флипс“ доби награда за јубилеј на годината. Најпретстава е „Вардарски пастуви“, а мјузикл „Мама миа“. Екипата на ракометниот клуб „Вардар“ доби „бубамара“ за „спортски херои“, но со самото појавување на сцената ја крена публиката на нозе. За сатирична ТВ-емисија добија „Фчерашни новости“, за ТВ-емисија - „Еден на еден“ на Жарко Димитриоски, а ТВ-проект - „Патот до успехот“ на Мишко Иванов. Наградата за трајни вредности им припадна на „Нови фосили“. Признание за најдобар концерт доби групата „Меморија“. Тројца пријатели на „Бубамара“, кои починаа лани, беа постхумно наградени - Иван Карадак, Зоран Милосављевиќ и Саша

Николовски-Ѓумар.